# Најубавиот подарок -



# карактерот

„Најголема потреба на светот е потребата од луѓе – луѓе кои не можат ниту да се купат ниту да се продадат. Луѓе кои во длабочината на својата душа се праведни и чесни, луѓе кои не се плашат гревот да го наречат со неговото вистинско име. Луѓе чија совест е верна на должноста како што магнетната игла му е верна на полот. Луѓе кои ќе стојат на страната на праведноста, па дури и небото да се урне.“

„На секој младич и дете му е доделена одредена работа која треба да ја изврши за да се облагороди човештвото.“

„Оној кој се покажал верен во најмалото, се покажал верен и во големото.“

„Ниедно влијание не е толку моќно како она со кое сме опкружени во нашите први години.“

„Не ги учете своите деца да мислат дека вашата љубов кон нив мора да се покажува во попуштањето и исполнувањето на сите нивни желби. Учете ги да бидат марливи и штедливи!“

„Секое дело во животот го открива карактерот. И само оној кој во малите должности ќе се покаже како добар работник ќе биде почестен од Бога со доверување на поголеми одговорности.“

„На светот не му се толку потребни луѓе со блескав ум колку луѓе со благороден карактер, луѓе со чиј карактер владеат цврсти принципи.“

„Татковци и мајки, треба да издвоите време да ги поучите своите деца да им покажете дека ја сакате нивната помош, дека ја цените нивната доверба и дека чувствувате задоволство во нивното друштво и децата нема да се двоумат да ви возвратат.“

„Ниту една работа што ја презел човек не бара поголема грижа и вештина како правилното воспитување и образување на младите и децата.“

„Децата се угледуваат на своите родители, затоа голема грижа треба да се посвети на тоа да им се даде добар пример. Вашите малечки го копираат тонот на вашиот глас, вашето однесување и духот што го негувате. Бидете добар пример за нив!“

„Силата на карактерот се состои од две работи: силата на волјата и силата на самоконтрола. Многи млади мислат погрешно дека некотролираните страсти ја сочинуваат силата на карактерот. Вистинската големина и благородност на еден човек се мери според силата на чувствата кои тој може да ги совлада, а не според силата на чувствата кои него го совладуваат.“

„Упатувај го детето по неговиот пат, па кога и ќе остари, нема да отстапи од него.“

„Помогнете им на децата да ја сочуваат силата на волјата. Таа ќе им биде неопходна во животната борба.“

„Колку и да се чини безначајна, секоја постапка во нашиот живот врши свое влијание врз обликување на карактерот. Добриот карактер е подрагоцен од сите земни богатства.“

„Врз децата и младите поволно делува кога им укажуваме доверба.“

„Настојувањето да се скрши волјата на детето е тешка грешка.  Оние кои ја ослабнуваат или уништуваат индивидуалноста, преземаат одговорност која може да има само лоши последици.“

„Благодарните срца и љубезни погледи вредат повеќе од имотот и луксузот, а задоволството во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него владее љубов.“

„Вие треба да ги казнувате децата со љубов. Не дозволувајте им да постапуваат според нивните желби сè додека не станете гневни, и во гнев ги казните. Таквото казнување му помага само на злото, наместо да го лекува.“

„Вистинската цел на укорот се постигнува кај детето кога самото ќе биде наведено да ја согледа својата грешка и кога неговата волја е поттикната да ја исправи.“

„Детето кое често се укорува за одредена мана, почнува таа мана да ја смета како своја карактеристика и мисли дека борбата е залудна. На тој начин кај него се создава обесхрабрување и безнадежност често скриени под наметката на рамнодушност или пак покажување храброст. Во нашите напори да ги поправиме од злото, мораме да се сочуваме од тенденцијата да им ги пронаоѓаме грешките и да ги осудуваме.“

„Запрашајте го градинарот што е тоа што прави секоја гранка и секој лист да цути толку прекрасно и да развие симетричност и убавина. Тој ќе ви каже дека тоа не се прави со груб допир или насилен обид, бидејќи тоа само би ги скршило тие нежни стебленца. Тоа се прави со мали, почесто повторени внимания... Тој ја навлажнува почвата и ги негува растенијата што растат, ги заштитува од суровите ветришта и од сонцето кое пече.... Во однесувањето со своите деца, следете ги методите на градинарот.“

„Цветовите никогаш не цутат
под здивот на остриот ветер.
Затоа негувајте ги вашите деца
како цвет кој нема да овене.“

„Секое семе дава плод според
својот вид. Така е и со
карактерните особини што ги
негуваме. Себичноста,
самољубието, суетата,
угодувањето на себеси, ги раѓаат
истите тие особини и на крајот
доведуваат до беда и пропаст.
Љубовта, сочувството,
љубезноста вродуваат благослов
и даваат непропадлива жетва.“

„Поттикнете ги децата да почувствуваат дека им верувате и тие ќе се потрудат да покажат дека ја заслужуваат довербата.“

„Безделничењето наведува на попуштање на апетитот, и животот станува празен и безвреден – поле подготвено за растење на секое зло.“

„Целиот свет е во состојба на активност. И ние, за да ја исполниме нашата мисија, мораме да бидеме активни.“

„Децата треба да бидат воспитани правилно да го користат своето време, да бидат од полза на своите родители. Не треба да им се дозволи да мислат дека не треба да земат учество во домашните обврски. Родителите треба да ги научат своите деца како да ја победат таа лоша навика – мрзеливоста. Секое дете треба да знае дека за него постои едно одредено дело што треба да го изврши во светот.“

„Животот на детето е како лист хартија на кој секој остава белешка.“

„Доблестите на карактерот не се развиваат по некој произволен закон или правило, туку со работа, во атмосфера на непорочност, благородност и вистинитост.“

„А вие, татковци, не дразнете ги вашите деца, туку воспитувајте ги во науката и опомената на Господа.“

„Тие мора да научат дека овој
свет не е место за одржување
на свечени паради,
туку бојно поле.“

„Не гледајте на детето како
скапоцен камен, туку трудете
се тоа да направите од него.“

„На децата и младите цел
живот ќе им служи на добро
ако ги научиме храбро да се
соочат со сите неволји и
потешкотии.“

„Вашите деца го отсликуваат вашиот карактер, затоа трудете се да им оставите добар пример.“

„Кроткото однесување, ведриот разговор и љубезните постапки ќе ги врзат срцата на децата за нивните родители со свилени нишки на љубовта и ќе го направи домот попривлечен отколку најретките украси што можат да се купат со злато.“

„Дозволете сончевите зраци на љубовта, радоста и среќното расположение да го осветлат вашето срце и таквото влијание нека завладее со вашиот дом. Развивајте дух на љубезност и проштавање и охрабрувајте ги децата да тргнат по вашите стапки. Негувајте ги овие доблести и тие ќе внесат светлина во вашиот дом. Така создадената атмосфера за децата ќе биде она што се воздухот и сонцето за растителниот свет, бидејќи тие го унапредуваат здравјето и го крепат умот и телото.“

„Ако родителите покажуваат љубезност и учтивост во домот, а во исто време се и цврсти и решителни, ќе видат дека истите карактерни црти се манифестираат и кај нивните деца. Доколку се искрени, чесни и полни со почит и нивните деца сигурно ќе ги покажат истите карактеристики.“

„Трпеливоста, благодарноста и љубовта нека ја зачуваат сончевата светлина во срцето, иако денот може да биде облачен и мрачен.“

„Внимавајте да не постапувате грубо со своите деца... Барајте послушност, и не дозволувајте си себеси да зборувате нетпеливо и непромислено со вашите деца, затоа што вашите постапки и вашите зборови се нивен учебник. Помагајте им со најдлабока грижа и нежност во тој период од нивниот живот. Светлината на вашето присуство нека засветли во нивните срца.“




www.znacinavremeto.mk